ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 11-к од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04…. 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Гевгелија број 01-1790/2018, 01-1965/2020 и 01-1833/2022 година и Правилникот за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ Гевгелија, следење, оценување и предлагање na мерки за подобрување, бр.01-2505/2022 година а во врска со интерен оглас бр. 04-778/3 објавен на ден 5.5.2023 гоина, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати за Пожарникар спасител во ТППЕ Гевгелија, по Интерен оглас 02/2023

1.По инетерниот оглас 02/2023 објавен на ден 5.5.2023 година, за унапредување на пожарникар спасител во ТППЕ Гевгелија при Општина Гевгелија се избира:

- **Дејан Јованов,** со вкупно освоени бодови **22** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, ПОЖ 02 10 Б04 000 – **Командир на одделение** во ТППЕ Гевгелија.

2.Именуваниот ќе бидат унапредени на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на еден пожарникар спасител во ТППЕ Гевгелија, бр.04-778/1 од 5.5.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-778/2 од 5.5.2023 година, доставени од Градоначалникот до Одделението за управување за човечки ресрси при Општина Гевгелија, на ден 5.5.2023 година објавен е Интерен оглас број 02/2023 на веб страната на Општина Гевгелија, за унапредување на пожарникар спасител на работното место Командир на одделение.

Комисијата за селекција на кандидат по интерен оглас за унапредување на овластено службено лице од областа на безбедноста, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-778/5 од 10.5.2023 година, на ден 12.5.2023 година, во просториите на Општина Гевгелија, спроведе адинистративна селекција со Записник бр.04-778/6 и интервју со Записник бр.04-778/7 од 15.5.2023 година.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на пожарникар спасител изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-778/8
16.5.2023 година
Гевгелија

Изработил, Весна Хаџикојчева

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Андон Саримандов*

Доставено до: ОУЧР, Архива и вработен.